Врз основа на член 164, 165, 170 и 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, распишува:

# КОНКУРС

## за избор на едно лице во соработничко звање асистент на Факултетот за градежништво и архитектура при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

### А. ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА

1. Избор на едно лице во соработничко звање - асистент, во наставно - научна област **Теорија на конструкции (20706) и Друго (20720)** од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација.

**Услови и критериуми за избор:**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај горенаведените општи услови, кандидатите треба да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**Кандидатите се должни да ги поднесат следните документи:**

- пријава за учество на конкурсот,
- кратка биографија
- Уверение за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност за работното место – Лекарско уверение;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за познавање на еден од трите најкористени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски);
- Диплома и уверение со оценки од двата, односно од трите завршени циклуса (доколку образованието е стекнато во странство да се приложи и нострификација со еквиваленција на оценките),
- списокот на научни и стручни трудови по еден примерок од научните и стручни трудови.

Работното време ќе биде утврдено согласно на распоредот за часови и актите на Универзитетот.
Паричниот износ на основната нето плата за наведената позиција е во согласност со актите на Универзитетот, наставната ангажираност на асистентот во семестарот во кое е извршен изборот, до 32.765 денари.

Конкурсот трае **пет (5) работни дена** по денот на објавувањето на конкурсот, и трае **до 25.08.2022 година**. Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ги достават во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ул. "Мирче Ацев" бр. 4/VII спрат, со назнака: За Конкурс за избор на едно лице во соработничко звање -асистент, на:

**А. Факултет за градежништво и архитектура**
**во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.**

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.
Контакт број: 02/3161-004

Со почит,
Универзитет „Мајка Тереза” во Скопје